Бр. 02-1207/1

Дата 16.06 2021 година

Врз основа на член 8, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и член 75 од Статутот на Економски факултет - Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 444/2019 и 526/2020), деканот на Економски факултет - Скопје донесе

**О Д Л У К А**
**за определување службено лице за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

Со оваа Одлука лицето **Кристина Кушевска** се определува за службено лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Економски факултет - Скопје, како имател на информации.

**Член 2**

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Економскиот факултет - Скопје, согласно со листата на информации со кои располага, утврдена со Одлука, и им помага на барателите на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Факултетот.

Службеното лице за посредување со информации, по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до деканот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Службеното лице има обврска да постапува согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019).

**Член 3**

Деканот, или по негово овластување продеканите, и секретарот соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Економски факултет - Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи претходно донесената одлука со која беше определно службено лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Економски факултет - Скопје .

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Предраг Трпески**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Економски факултет Република Северна Македонија Скопје

Изработил: Д.К